**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6241 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 30 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*"
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*"
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.“*

## 6. Констатации од надзорот:

### Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик

***Дневно-информативни емисии***

Извештајот за периодот од 21 до 30 ноември 2016 година, бележи промена во начинот на мониторинг зашто станува збор за анализа на медиумското известување во дневно-информативните емисии во првите десет дена од почетокот на изборната кампања. Примерокот, сега се состои од 20 изданија на вестите на ТВ Канал 5, зашто се анализираат и Дневникот во 18 часот и 30 минути и оној по 23 часот.

Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 7 часа 50 минути и 39 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ КАНАЛ 5 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:23 | 20,30 | % |
| Влада на РМ | 00:14:05 | 53,11 | % |
| Други субјекти | 00:00:50 | 3,14 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:09 | 15,65 | % |
| Без субјекти | 00:00:42 | 2,64 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:42 | 2,64 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:40 | 2,51 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:26:31** | **100** | **%** |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Други субјекти | 00:09:05 | 23,46 | % |
| Без субјекти | 00:01:25 | 3,66 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:24 | 6,20 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:24 | 6,20 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:01 | 15,54 | % |
| Привремена комисија | 00:02:27 | 6,33 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:30 | 6,46 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:27 | 32,16 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:38:43** | **100** | **%** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 03:07:26 | 55,76 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:58:14 | 35,18 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:12:58 | 3,86 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:01 | 0,30 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:15:07 | 4,50 | % |
| Либерална партија | 00:01:21 | 0,40 | % |
| **Вкупно за тема:** | **05:36:07** | **100** | **%** |

Најголемиот дел од прилозите се извештаи во кои се информира за активностите на учесниците во изборната кампања – 5 часа 36 минути и 7 секунди (Табела 1). Времето посветено на известување за четирите субјекти кои имаат потврдени листи со кандидати за пратеници во сите седум изборни единици е распределено на следниов начин: најмногу време има за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 3 часа 7 минути и 26 секунди (55,76%), во кое влегуваат и обраќањата на странски политичари на митинзите на оваа коалиција и средба на странски стопанственик со Никола Груевски; за Коалицијата предводена од СДСМ има 1 час 58 минути и 14 секунди (35,18%), за ДУИ – 15 минути и 7 секунди (4,50%), а за Коалицијата ВМРО за Македонија нема прилози. Од партиите со по пет потврдени кандидатски листи, за ДПА има 12 минути и 58 секунди (3,86%), за Либералната партија 1 минута и 21 секунда (0,40%), а нема информации за Левица. За ПДП, која има една кандидатска листа, има 1 минута и 1 секунда (0,30%). Не е известувано за активностите на Коалицијата за промени и правда која има шест листи, и за Движењето Беса и Коалицијата Алијанса за Албанците, кои имаат по четири листи.

Во времето за активностите на органите на власта – 26 минути и 31 секунда (Табела 1) - има информации за потпишаниот договор за соработка на ТИРЗ и Светската организација на слободни зони; за активности на министерката за информатичко општество и администрација Марта Арсовска – Томовска, министерот за животна средина Башким Амети, министерот за финансии Кирил Миновски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, интервју со Анета Стефановска од Министерството за животна средина и просторно планирање за загаденоста во Скопје, за активностите на локалната самоуправа и на јавните претпријатија за „Денот на дрвото". Коалицијата предводена од СДСМ е присутна во овој сегмент од вестите преку прилогот за буџетот на Град Скопје за 2017 година.

Другите теми поврзани со изборите се обработуваат во прилози со должина од 38 минути и 43 секунди (Табела 1). Станува збор за извештај за доделувањето орден на Владимир Милчин од страна на косовскиот претседател Хашим Тачи, за синдикални активности, потоа за пренесено писмено интервју на Андреас Грос, посетата на европратениците Вајгл, Флекенштајн и Кукан, интервју со Мартин Хубер од ЦДЕ-ЦСУ. Коалициите на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, и ДИК се присутни во овој сегмент преку прилогот за користење деца во изборната кампања, за ставовите околу т.н. фантомски гласачи по затворањето на Избирачкиот список.

Најмногу време за директни обраќања, во сите прилози со информативни жанрови, има за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 1 час 39 минути и 7 секунди (46,34%) и за Коалицијата предводена од СДСМ – 1 час 16 минути и 51 секунда (35,93%). За сите други субјекти има куси директни обраќања (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ КАНАЛ 5 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:39:07 | 46,34 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:16:51 | 35,93 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:09 | 3,34 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:05:58 | 2,79 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:37 | 0,29 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:48 | 1,78 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:17 | 0,60 | % |
| Влада на РМ | 00:06:48 | 3,18 | % |
| Други субјекти | 00:02:13 | 1,04 | % |
| Либерална партија | 00:00:42 | 0,33 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:00 | 2,81 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:47 | 0,83 | % |

| | | |
|---|---|---|
| Привремена комисија | 00:01:36 | 0,75 % |
| | **Вкупно: 03:33:53** | **100 %** |

Во „Дневниците" во 18:30 и во 23 часот, издвоени се 1 час 9 минути и 18 секунди за осврти и коментари.

На 23 ноември, во двете анализирани изданија на вестите, се емитува осврт „Анализа: Заев и ставовите за федерализација, ВМРО ДПМНЕ со остра реакција" (3 минути и 32 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Во него се реактуелизира прашањето на „најавата на Зоран Заев за воведување на федерализација на територијата на оваа држава". Повод за реактуелизацијата е реакцијата на ВМРО ДПМНЕ, односно во почетниот дел од прилогот се емитува изјавата на Трајко Вељановски за тоа дека она што Заев го зборувал пред дијаспората во Берн, Швајцарија, е ставено во програмата на СДСМ. Потоа се емитуваат и реакција од Дојчин Цветановски од Самостојниот синдикат за образование наука и култура и Никола Стаменов од Федерација на фармери, според кои ова е неприфатливо. Следува дел од обраќањето на Заев од митингот во Аеродром каде вели дека федерализацијата ја има само во главата на Груевски и дека никогаш нема да го смени Уставот, на која е спротивставен дел од изјавата од ТВ 21-М каде Заев вели дека ќе го смени Уставот. Прилогот завршува со тоа дека граѓаните според ВМРО ДПМНЕ на 11 декември ќе избираат помеѓу унитарна и суверена или двојазична, кантонизирана и федерализирана Македонија.

Во обете изданија на вестите, следниот прилог е коментар „Осуда на социјалните мрежи на награда што ја доби Милчин на Косово" (1 минута и 2 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Во прилогот се вели „Наградата која за заслуги за УЧК" му беше врачена на поранешниот прв човек на Фондацијата „Отворено општество" Владимир Милчин, предизвика лавина од реакции на социјалните мрежи. Граѓаните, се вели, коментираат „за поданичкиот и понизен поглед на Милчин до косовскиот претседател Хашим Тачи". Милчин беше одликуван „за заслуги и за унапредување на Албанците", потег кој предизвика револт кај Македонците. Тој се најде меѓу 100-те личности од Македонија кои беа одликувани, меѓу кои и лидерите на ДУИ и на ДПА, Али Ахмети и Мендух Тачи. Граѓаните коментираат дека наградата е резултат на долготрајни напори, посветеност и макотрпна работа од страна на Милчин и Сорос. Потоа се наведува дека на минатогодишен митинг на СДСМ присуствувале „поддржувачи и членови на косовската бригада на УЧК кои нескриено ги истакнуваа и симболите на голема Албанија" и дека на настанот била „истакната и јавна поддршка за 113-та Косовска бригада, именувана по Исмет Јашари, чии членови и челни луѓе го предводеа упадот во Куманово една недела пред митингот".

На 24 ноември, во двете изданија на „Дневникот", се емитува коментарот „Ѓулумсер Касапи од СДСМ потврди дека Заев планира редефинирање на државата" (3 минути и 19 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Во најавата се прашува дали СДСМ предвидува редефинирање на државата, на што се наведува дека според Ѓулумсер Касапи, кандидатката за пратеничка од оваа Коалиција, „имало и специјална програма за да се тргне прашањето за јазикот од дневен ред" и оти „предизборната програма на СДСМ овозможува да се решат многу значајни прашања за Албанците вклучително и прашањето за јазикот". Прилогот започнува со повторување на ставот на ВМРО ДПМНЕ, дека во програмата на СДСМ се наоѓаат ветувањето за излегување од рамките на Охридскиот договор, прашањето за воведување на двојазичност и кантонизација што е потврда дека Заев сака сето тоа да го направи. Потоа се наведува дека токму на темата редефинирање на државата зборувала кандидатката Ѓулумсер Касапи од СДСМ на гостување на ТВ Алсат, и се емитува нејзината изјава дека СДСМ ќе го реши прашањето на употребата на албанскиот јазик на територијата на државата. Се репризира обраќањето на Заев од митинг во Аеродром каде вели дека федерализацијата ја има само во главата на квази националисти и патриоти, како и делот од емисијата на ТВ 21-М каде Заев вели дека ќе го смени Уставот. Следува реприза на изјавата на Трајко Вељановски, со острата реакција на неговата партија, а прилогот завршува со тоа дека граѓаните, според ВМРО ДПМНЕ, на 11 декември ќе избираат помеѓу унитарна и суверена или двојазична, кантонизирана и федерализирана Македонија.

На 25 ноември, во Дневникот во 18:30 часот, има осврт насловен „Тезите на Касапи за дел од експертите се официјализирање на албанскиот јазик" (2 минути и 47 секунди) во кој експерти ги изнесуваат

своите ставови за изјавите на Ѓулумсар Касапи, кандидатката за пратеничка од Коалицијата предводена од СДСМ, дадени во емисија на ТВ Алсат – М. Најпрвин се репризираат изјавите на Касапи, по што има изјави на политичките аналитичари Алберт Муслиу и Иванка Додовска, чии ставови се поделени. Прилогот продолжува со потсетување на изјавата на Заев од митинзите дека федерализацијата е само во главата на Груевски. Завршува со тоа дека според ВМРО ДПМНЕ, најавите на Заев од Швајцарија и делови од програмата се потврда оти Заев сака да го менува Уставот и да ја федерализира државата.

На 26 ноември, во двете изданија на Дневникот се емитуваат осврти во кои се преразгледуваат резултатите од анкетата на Брима Галуп. Во освртот „Експертите: двојазичноста на Заев го стопи рејтингот на СДСМ" (4 минути и 43 секунди) се поставува дилемата дали најавите за двојазичност во целата земја, го чинеа Зоран Заев гласови кај македонското гласачко тело. Гледачите можат да ги слушнат различните ставови на политичките аналитичари Иванка Додовска (Заев знаел дека нема да биде премиер) и Петар Арсовски (потегот е ризичен, дали ќе успее ќе покаже денот на гласањето). Потоа се репризира обраќање на Заев од Швајцарија за Рамковниот договор и за јазикот, по што се емитува и обраќање на Андреас Грос од истиот настан. Има и анкета, организирана од Телевизијата во која граѓаните се против федерализацијата и двојазичноста. На крајот се потсетува на резултатите од анкетата на Брима Галуп.

Следува осврт „Експертите: анкетата на Брима Галуп е реална" (3 минути и 28 секунди) во која се разгледува веродостојноста на анкетата. Пренесени се различните ставови на аналитичарите Владимир Божиновски (победата на ВМРО ДПМНЕ е гарантирана) и Петар Арсовски (ова се најнеизвесните избори досега, некои испитаници не го кажале експлицитно својот политички став).

На 27 ноември, повторно има осврт во кој се разгледува темата за федерализација. Насловен е „Анализа: излегувањето надвор од рамковниот носи опасност од федерализација" (4 минути и 27 секунди). Најпрвин се потсетува на обраќањето на Заев во Швајцарија (Рамковниот договор не е доволен), по што се сопоставуваат три експертски мислења. Според Алберт Муслиу, федерализација значи промена на Уставот, а тоа бара мнозинство гласови, и не верува дека ова во парламентот е изводливо доколку не се прифати како потреба. Мерсел Биљали вели дека изгледа власта намерно не го имплементира Рамковниот договор со цел да го експлоатира во изборни цели. Според Никола Србов, доколку Заев дојде на власт не ќе може така лесно да се ослободи од тоа прашање и да не го спроведе. Потоа Телевизијата вели дека за федерализација на Македонија се предупредуваше уште во 2008 година, при што се пренесува став на Љубомир Фрчкоски за Радио Слободна Европа во 2008, на Сали Бериша од август 2015 и на Билјана Ванковска за српска "Политика". Прилогот е емитуван во двете изданија на „Дневникот".

На 28 ноември, во 18:30 и во 23 часот, се емитува осврт „Анализа: дали потпишувањето на договорот значи влез на Голема Албанија „на мала врата" (4 минути и 28 секунди). Повод е информацијата за потпишување спогодба за соработка во повеќе области меѓу Тирана, Приштина, Тетово, Улцињ и Прешево. Овој податок се разгледува низ призмата на различни експертски мислења. За професорката Тања Каракамишева – Јовановска тоа е јасен сигнал дека проектот за Голема Албанија не е мртов и дека не е случајно што и во програмата на СДСМ се предвидуваат политипни општини особено во западниот дел на државата, со што тие ќе бидат автономни од централната власт. За Мерсел Биљали тоа не претставува никаква закана за унитарноста на Македонија туку доказ за добра соработка, има безброј примери за соработка на општини, а оваа информација сега е лансирана од партиите на власта за предизборни цели. Прилогот продолжува дека формирањето на оваа Унија доаѓа во момент кога Заев најавува проширување на рамковниот договор и двојазичност. ВМРО ДПМНЕ обвини дека СДСМ планира да ја федерализира Македонија, Заев демантира, иако неговите изјави дадени во Швајцарија јасно укажуваат оти тој размислува за излегување од Рамковниот договор. Пуштен е делот од директното обраќање на Заев во Берн за Рамковниот договор и се наведува дека ВМРО ДПМНЕ и аналитичарите забележуваат што СДСМ предвидува политипни општини „што значи опасно пренесување на државните функции на локалната управа во областа на полицијата, финансиите и здравството".

На 29 ноември, во прилогот насловен „Љамалари: Заев за мене е спасител" (3 минути) се прави нов осврт на прашањето за редефинирање на Македонија. Најпрвин се емитуваат изјавите на претседателот на

албанската дијаспора Муса Љамалари, дадени за „Вечер", во врска со промена на името на Македонија и за тоа дека федерализација е подобар модел за Македонија, дека според него Заев е спасител на Албанците од „канџите на криминални групи и партии со латинични букви", како и дека добро ја води кампањата. Се наведува дека Љамалари неколкупати се сретнал со Заев и оти очекува тој да добие многу гласови од Албанците. Потоа се емитува изјавата на Заев од интервјуто на Нова ТВ за тоа дека и тој очекува најмногу гласови на Албанците за СДСМ и обраќањето во Швајцарија за тоа дека Рамковниот договор не е доволен. На крајот се вели дека ВМРО ДПМНЕ и дел од експертите предупредиле оти „плановите на Заев претставуваат вовед во федерализација и двојазичност во Македонија".

Потоа се пренесува колумната, со позитивна рамка за власта, „Холгер Хајнс: Македонија е перспективна земја за инвестирање" (2 минути и 44 секунди) во која на колумната преземена од „Хънделсблат глобал" се надоврзува изјава од Конфедерацијата на работодавачи кои велат дека ваквите анализи се адут Македонија да ја продолжи сопствената инвестициска приказна.

Обата прилога се емитуваат во двете анализирани изданија на „Дневникот".

На 30 ноември, во изданијата и во 18:30 и во 23 часот, се емитува осврт со негативна рамка за СДСМ, „Љамалари: белгиски или швајцарски модел - пример за федерализација на Македонија (2 минути и 45 секунди). Медиумот ги репризира изјавите на Муса Љамалари од интервјуто дадено за весникот „Вечер" за тоа дека според него за Македонија е подобро да биде федерација. Се повторува дека тој се сретнал неколкупати со Заев и дека е убеден оти Заев ќе биде следниот премиер. Потоа се вели дека и Заев пред дијаспората во Берн го посочува швајцарскиот модел како пример, и се емитува дел од неговото обраќање за тоа дека треба да се направи децентрализација и оти гледа дека во Швајцарија едно село е кантон и одлучува за самото себеси. Се наведува дека програмата на СДСМ План за живот предвидува децентрализација на Македонија и пренесување на надлежности од централната на локалната власт во областа на полицијата, образованието и здравството. Се вели дека од ВМРО ДПМНЕ предупредуваат оти промените кои ги предвидува програмата на СДСМ ќе доведат до федерализација на Македонија и се репризира обраќањето на Трајко Вељановски. Се завршува со тоа дека и експертите сметаат оти „програмата на СДСМ предвидува проекти кои се опасни по унитарноста на државата".

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Интервју</u>*

На 27 ноември, во вечерните часови, премиерно се емитува *Во Центар со Васко Ефтов*, во кое се интервјуирани Воислав Шешељ политичар и Божидар Божа Спасиќ екс-агент на УДБА.

***<u>Други програми</u>***

Во поголем број изданија на утринската програма *Здраво Македонијо*, при редовниот контакт со гледачите, темите за разговор се поврзани со изборите.

Така, на 21 ноември, во контекст на почетокот на изборната кампања, граѓаните се прашани дали очекуваат партиите да го почитуваат потпишаниот кодекс за фер и демократски избори?

На 22 ноември се дебатира за тоа дека лидерите на двете најголеми политички партии ќе се натпреваруваат во иста изборна единица - Кој очекуваат да излезе како победник во четворката? Оваа емисија е репризирана во редовниот ноќен термин на 23 ноември.

Утрото на 23 ноември гледачите треба да кажат чија политичка програма ќе биде поприфатлива за македонските гласачи - „Реално“ или „За подобар живот“?

На 24 ноември прашањето гласи „Кој губи, а кој добива со воведување двојазичност на цела територија на РМ?“. Оваа емисија е репризирана ноќта на 25 ноември.

На 25 ноември, се разговара на една нова и неколку претходни теми – „Колкаво и какво влијание има Сорос во македонската политика?“, „Лидерите на двете најголеми политички партии ќе се натпреваруваат во иста изборна единица. Кој очекувате да излезе како победник во четворката?“, „Реално“ или „За подобар живот“, чија политичка програма ќе биде поприфатлива за македонските гласачи? и „Кој губи, а кој добива со воведување двојазичност на цела територија на РМ?“.

„На колку пратеници може да смета победничката партија на изборите?“ – за ова се зборува во емисијата од 28 ноември.

На 29 ноември, гледачите се прашани „Дали анкетата на Брима Галуп е реален одраз на политичкото расположение во Македонија?“. Реприза ноќта на 30 ноември.

На 30 ноември, гледачите можат да го изнесат својот став за тоа „Кога ќе се случи во Македонија без предрасуди Албанци да гласаат за македонска партија и Македонци за албанска партија и политичари?“.

***Сектор за програмски работи***